**"МАКПЕТРОЛ" А.Д. - СКОПЈЕ**
**НАДЗОРЕН ОДБОР**
**Бр.0203-23/2**
**5.5.2023 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на членот 67 од Статутот на „Макпетрол" А.Д. - Скопје, а во врска со членот 63 од Статутот на Макпетрол АД Скопје, т. 2.14 и 2.16 под а, од Кодексот за корпоративно управување на акционерските друштва котирани на Македонска берза и Предлогот доставен од акционер бр. 0201-22/1 од 4.5.2023 година, Надзорниот одбор на „Макпетрол" А.Д. - Скопје на 89.седница, одржана на 5.5.2023 година, донесе

# О Д Л У К А

**Член 1**

Се потврдува дека кандидатите за членови на Надзорниот одбор, Александар Спасовски, Филип Чадиковски, Саша Лекиќ и Марина Веселинска, предложени во Предлогот бр. 0201-22/1 од 4.5.2023 година, со прилог Податоци за кандидатите согласно член 344 став 3 и 4 од Законот за трговските друштва и членот 63 од Статутот на Макпетрол АД Скопје, ги исполнуваат бараните услови утврдени со важечките законски прописи, Статутот, внатрешните акти на друштвото и условите предвидени во одредбите по точките 2.14 и 2.16 под (а), од Кодексот за корпоративно управување на акционерските друштва котирани на Македонска берза.

**Член 2**

Висината (износот) на месечниот паушал за членовите на Надзорниот одбор, предложен од акционерот со Предлогот од членот 1 на оваа Одлука, одговара на обемот на извршувањето на нивните задачи и функции, во рамките на надлежностите на Надзорниот одбор заради што се дава препорака до XXVII Годишно Собрание на акционери на Друштвото, да го прифати дадениот предлог за висината (износот) на месечниот паушал, и да ја донесе Одлуката за определување на награда на членовите на Надзорниот одбор, со месечен паушал во нето износ од 60.000 денари.

**Член 3**

Одлуката, заради одлучување од акционерите по Одлуката за избор на членови на Надзорниот одбор на Друштвото и Одлуката за определување на награда на членовите на Надзорниот одбор на Друштвото, по кои ќе се расправа и одлучува на закажаното XXVII Годишно Собрание на акционери на Друштвото, да се достави до Собранието и да се објави на интернет страницата на Друштвото.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила веднаш.

**НАДЗОРЕН ОДБОР**
**Претседател,**

**Александар Спасовски**

Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати "МАКПЕТРОЛ" СКОПЈЕ 9